# С Л У Ж Б Е НГ Л А С Н И К

**на**

**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник наОпштина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXV број 4<br>15 Март 2024 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце, донесена на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Одлуката за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/1**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 37-та седница одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце**

Член 1

Со оваа одлука на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце се даваат на трајно користење без надоместок, движни ствари - 100 поцинкувани контејнери со овален капак капацитет 1100л.

Член 2

Примопредавањето да се изврши записнички помеѓу Општина Ранковце и Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце, од страна на овластени лица од Општина Ранковце и Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-356/4** **Совет на Општина Ранковце**
**12.03.2024 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**

1.Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/2** **Општина Ранковце**
**15.03.2024 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот на буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21), Советот на Општина Ранковце на 37 седница одржана на ден 12.03.2024 година донесе

**О Д Л У К А**
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РАНКОВЦЕ**
За **2024** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаРАНКОВЦЕ за 2024 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 4.412.664 | 0 |
| | **0** | **0** | **4.412.664** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | |
| **JL0 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | |
| 486120 Купување на камиони | 0 | 0 | 4.412.664 | 0 |
| | **0** | **0** | **4.412.664** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ранковце и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година

Бр. 09-356/5

Претседател на Советот на Општината
**Александра Стамболиска Јовановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**

1.Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/3**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.С.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 , 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите(„Службен весник на РМ’’ бр.64/05 ;04/08; 103/08; 156/09; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16 и („Службен весник на РСМ’’ бр.151/21, член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници(„Службен весник на РМ’’ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/616; 80/16; 127/16; 142/16;2/17; 16/17 и 11/18 и („Службен весник на РСМ’’ бр.275/19; 14/20; 215/21 и 99/22), врз основа на член 7 од Законот за изменување на законот за палта и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија(„Службен весник на РСМ“ бр.51/24), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната уорава, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавни обвинителстава, казнено – поправните и воспитно – поправните установи устнови, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од собранието на РСМ („Службен весник на РСМ’’ бр.51/20и 172/21), Колективен договор на Општина Ранковце бр.04-1420/1 од 29.12.2022 година член 23 ,став1 ,точка 4 од Статутот на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце,, бр 09/05 ,4/10 ,3/11, 11/15,4/19 и 5/22 ), Советот на Општина Ранковце на 37-мата седницата одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година бр.09-1273/7 од 27.12.2023 година („Службен гласник на Општина Ранковце’’ бр.15/2023 година), членот 9 став 1 точка 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според бројот на жители и за Општина Ранковце изнесува 2,35 а основица за пресметување е просечната исплатена бруто плата по вработен во Република Северна Македонија за претходнта година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика’’.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ранковце’’, а ќе се применува од 01.02.2024 година.

**Бр. 09-356/6**
**12.03.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска – Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце, донесена на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/4**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце**

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце се наоѓа на к.п.бр.4212, КО Ранковце, м.в. „Купина“ сопственост на Драге Ивановски, Зоран Белчовски, Добре Јовановски, Стојанчо Јовановски, Стојче Јовановски и Драган Николов.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичка планска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи– А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-356/7**
**12.03.2024 година**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година, донесен на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/5**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 37-та седница, одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце “.

**Бр.09-356/8**
**12.03.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година, донесен на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/6**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 37-та седница, одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година.

2 .Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-356/9**
**12.03.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце, донесена на 37-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2024 година.

2.Одлуката за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-397/7**
**15.03.2024 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 37-та седница одржана на ден 12.03.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце**

Член 1

Со оваа одлука на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце, со седиште НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ РАНКОВЦЕ, РАНКОВЦЕ се даваат на користење без надоместок тениското игралиште и фудбалското игралиште, сопственост на Општина Ранковце, за период од 6 (шест) месеци, со цел за одржување на тренинзи до 3 (три) пати неделно.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-356/10**
**12.03.2024 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**


1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце**
2. **Одлука за давање на користење на движни ствари - 100 поцинкувани контејнери на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**
4. **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**
5. **Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**
6. **Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце**
8. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.4212, КО Ранковце**
9. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година**
10. **Заклучок за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2023 година**
11. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година**
12. **Заклучок за усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2023 година**
13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце**
14. **Одлука за давање на користење на тениско и фудбалско игралиште, сопственост на Општина Ранковце на Здружение УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ-Х.Т.КАРПОШ 2024 Ранковце**


**--------------------------------------/-----------------------------------------------**